Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), и согласно член 51 од Законот за животна средина, од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку финансиски средства од буџетот за 2025 год. беа испланинари за проекти и активности во рамките на програмата за животна средина на Општина Демир Хисар за 2025 год.?
2. Наведете ги сите проекти и активности во 2025 год. кои биле реализирани, како дел од програмата за животна средина на Општина Демир Хисар, со поединечно потрошени финансиски средства и соодветна намена на потрошените средства?
3. Колку финансиски средства во буџетот за 2026 год. се испланинари за проекти и активности во рамките на програмата за животна средина на Општина Демир Хисар за 2026 год.?
4. Наведете ги сите проекти и активности за 2026 год. кои се планираат да бидат реализирани, како дел од програмата за животна средина на Општина Демир Хисар, со поединечно наведени финансиски средства и соодветна намена?

(опис на информацијата која се бара)

**Датум:** 24.03.2026

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-319/1, 23.03.2026 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

--------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 23.03.2026 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со планирани и реализирани проекти во рамките на програмата за животна средина за 2025 и 2026 година, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со планирани и реализирани проекти во рамките на програмата за животна средина за 2025 и 2026 година.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 23.03.2026 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 23.03.2026 година под архивски број 18-319/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 24.03.2026 година, под бр. 18-319/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

__________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресурси

# -ИНФОРМАЦИЈА-

1.Колку финансиски средства од буџетот за 2025 год. беа испланинари за проекти и активности во рамките на програмата за животна средина на Општина Демир Хисар за 2025 год.?

-Во програмата за комунално уредување за 2025 година во потпрограма Р1-Заштита на животна средина, со опис чистење на диви депонии, испланирани беа 100.000,оо денари.

2. Наведете ги сите проекти и активности во 2025 год. кои биле реализирани, како дел од програмата за животна средина на Општина Демир Хисар, со поединечно потрошени финансиски средства и соодветна намена на потрошените средства?

-Од вкупно планираните средства, реализирани се 59.118,оо денари и тоа: 41.772,оо денари за чистење околу црква во село Кутретино, чистење на дива депонија во село Слоештица, чистење дива депонија во Новата населба во Демир Хисар и 17.346,оо денари за исфрлање на шут од Новата населба во Демир Хисар.

3. Колку финансиски средства во буџетот за 2026 год. се испланинари за проекти и активности во рамките на програмата за животна средина на Општина Демир Хисар за 2026 год.?

- Во програмата за комунално уредување за 2026 година во потпрограмата Р1-Заштита на животна средина, испланирани се 100.000,оо денари.

4. Наведете ги сите проекти и активности за 2026 год. кои се планираат да бидат реализирани, како дел од програмата за животна средина на Општина Демир Хисар, со поединечно наведени финансиски средства и соодветна намена?

-Средствата се предвидени за чистење на диви депонии.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар

Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

---------------------------------------------